ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11-1929/4
Датум: 10.07.2025
Скопје

Врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Градоначалникот на Општина Карпош го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**За организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт 306, блок 03, Општина Карпош - Скопје.**

Јавната анкета по Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт 306, блок 03, Општина Карпош - Скопје, ќе се одржи во периодот од 30.07.2025 година до 12.09.2025 година, секој работен ден, од 7.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош-Скопје.

Јавна презентација за заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот, подрачјата соседни на планскиот опфат и широката јавност, претставниците на стручната јавност, претставници на органите на државната управа, претставници на локалната самоуправа, стручни лица од невладините организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот плански опфат по Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт 306, блок 03, Општина Карпош - Скопје ќе се одржи на 15.08.2025 година во 09.00 часот, во просториите на Општина Карпош-Скопје.

Планскиот опфат кој е предмет на уредување со овој Детален урбанистички план, зафаќа површина од 15.725 ха и неговата местоположба е дефинирана во рамките на следните граници:

- на север со булеварот „Партизански одреди",
- на исток со улицата "Париска",
- на југ со улицата „Варшавска",
- на запад улица „Лондонска".

Анкетните листови за учество во Јавната анкета ќе бидат достапни во просториите на Општина Карпош, Скопје. Соопштението за организирање на Јавна Презентација и Јавна анкета, Графичкиот приказ за Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт 3О6, блок 03, Општина Карпош – Скопје, анкетните листови и подетални информации за истите ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да доставаат писмени забелешки на анкетните листови.

Изготвил:
Марија Л. Младеновска, диа

Проверил:
Раководител на Сектор,
Благица Блажевска, диа

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ